**Известување за концентрација со која "Блицнет" друштво со ограничена одговорност за телекомуникации Бања Лука, Босна и Херцеговина ќе стекне непосредна поединечна контрола врз основниот капитал на "КГ 1" друштво со ограничена одговорност Горажде, Босна и Херцеговина**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 25.11.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која "Блицнет" друштво со ограничена одговорност за телекомуникации Бања Лука со регистрирано седиште на улица Вука Караџиќа број 2 Бања Лука, Босна и Херцеговина, ќе стекне непосредна поединечна контрола врз основниот капитал на "КГ 1" друштво со ограничена одговорност Горажде, Федерација Босна и Херцеговина, со регистрирано седиште на улица Насеље Панорама бб, Горажде, Федерација Босна и Херцеговина, Босна и Херцеговина.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

"Блицнет" друштво со ограничена одговорност за телекомуникации Бања Лука е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации, а од услугите што ги дава, ги издвојуваме услугите за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Босна и Херцеговина.

"Блицнет" е во сопственост Телекомуникации Република Српска акционерско друштво, Бања Лука, Босна и Херцеговина ("МТЕЛ БЛ"), а МТЕЛ БЛ е во мнозинска сопственост на Телеком Србија, акционерско друштво Белград, Србија ("Телеком Србија").

Поврзано лице на Телеком Србија на територијата на Република Северна Македонија е Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки" 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

Поврзано лице на МТЕЛ ДООЕЛ Скопје е Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје. Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје работи на пазарот за обезбедување на мобилни електронски комуникациски услуги (припејд услуга) и не им нуди на своите крајни корисници постпејд мобилна услуга. *Друштвото за*

*телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје* е мобилен виртуелен мрежен оператор (МВМО) на македонскиот пазар за електронски комуникации и обезбедува национални, меѓународни и роаминг говорни, СМС и интернет услуги.

Исто така, поврзано лице на Подносителот на известувањето на територијата на Република Северна Македонија е Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје („ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје"), со седиште на Булевар Партизански одреди бр. 17, 1-001/Скопје – Центар, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност сателитски телекомуникации.

"КГ 1" друштво со ограничена одговорност Горажде е оператор за електорнски комуникациски услуги и мрежи, во моментот на поднесување на Известувањето, регистриран за обезбедување пристап до интернет и интернет услуги, дистрибуција на медиумска содржина на територија на Босна и Херцеговина.
Целното друштво нема поврзани правни лица на територија на Република Северна Македонија, ниту пак има остварено приходи на таа територија.

За целите на оценка на оваа концентрација подносителот на известувањето предлага како релевантен пазар да се дефинира пазарот за давање услуги на фиксен широкопојасен пристап на интернет, малопродажен пазар за давање услуги дистрибуција на медиумска содржина.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

27.11.2025 година
Скопје